**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

---

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 14 (четиринаесетта) седница на Советот на општина Долнени на ден 22.09.2022 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

**Д н е в е н р е д**

20. Усвојување на Записникот од тринаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
21. Одлука за усвојување на збирен извештај (Елаборат) за проценетите штети предизвикани од невремето на територијата на општина Долнени
22. Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Долнени.
23. Одлука за проширување на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
24. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
25. Годишна Програма за активностите на општина Долнени во областа на заштитата и спасување за 2022 година.
26. Разно.

Претседател на Советот

на општина Долнени – Долнени

______________________________

Хусеин Хасановиќ с.р

# З А П И С Н И К

Од одржаната 15 (петнаесеттата) седница на Советот на општина Долнени на ден 22.09.2022 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 14-членови и тоа: Виктор Пereски, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Аламписски, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ. Не оправдано отсатна беше Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од четиринаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
2. Одлука за усвојување на збирен извештај (Елаборат) за проценетите штети предизвикани од невремето на територијата на општина Долнени
3. Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Долнени.
4. Одлука за проширување на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
5. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
6. Годишна Програма за активностите на општина Долнени во областа на заштитата и спасување за 2022 година.
7. Разно.

вака преставениот дневен ред пред советниците претседателот го стави на гласање од кој едногласно беше прифатен од страна на советниците.
Потоа збор зеде советникот Сеад Колашинац кој побара од градоначалникот да се санира патот во с. Лажани кој води до с. Кошино затоа што од настанатите поплави кои беа во с. Лажани дел од патот е одронет и останат е само асфалтот и ризично е да не го ископа и асфалтот па ќе неможи да се помини. Па како предлог даде да се направи потпорен ѕид. Потоа збор зеде советникотАхмедин Рамовиќ кој нагали дека и во с. Десово не функционира мостот во самото село па предложи да се очисти речното корито.

1.По однос на првата точка од дневниот ред збор зеде советникот Сеад Колашинац кој постави прашање до Соња каде се поставени цевките кои беа купени претходно за с. Лажани. Соња објасни дека не биле само за Лажани туку и за други населени места. Од страна на претседателот точката беше ставена на гласање од кој сите 14 советника гласаа ЗА.

2. По однос на втората точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрацијата Сатки Мифтароски која образложи за што станува збор. Вака преставената одлука за поплавата претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 14 советника гласаа ЗА.

3. По однос на третата точка од дневниот ред претседателот на советот објасни дека станува збор за администрацијата да се распореди за да се знае секој што ќе работи. Вака преставената одлука претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 14 советника гласаа ЗА.

4. По однос на четвртата точка од дневниот ред повторно збор имаше Соња Ѓорѓиоска која образложи за што станува збор. Вака преставената одлука за проширување на буџетот беше ставена на гласање од кој 14 советника гласаа ЗА.

5. По однос на четвртата точка од дневниот ред повторно збор имаше Соња Ѓорѓиоска која образложи за што станува збор. Вака преставената одлука за измена на распоредот на буџетот беше ставена на гласање од кој 14 советникагласаа ЗА.

6. По однос на шестата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 14 советника гласаа ЗА.

7. По однос на седмата точка од дневниот ред без никаква дискусија од странана советниците претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 14 советника гласаа ЗА.

8. По однос на осмата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 14 советника гласаа ЗА.

З а п и с н и ч а р

__________________________

Еркан Ајдароски

П р е т с е д а т е л
на Советот на општина

________________________

Хусеин Хасановиќ